Квалитет на животот во Македонија

# Плата во плико

Целта на оваа публикација е да стави под светло податоци за квалитетот на животот во Македонија. Публикацијата е ад-хок и се темели на анкетни и административни податоци.

Број 1
Октомври 2017

## 'Elevator pitch'

17.8% од работниците во Македонија кои имаат формален договор за вработување, добиле плата во плико во 2017 година. 'Плата во плико' е плата исплатена во готовина врз основа на неформален (незаконски) устен договор помеѓу работникот и работодавецот.
Со 'платата во плико', работодавците заштедуваат во износот на даноци и социјални придонеси што го плаќаат на државата. За работниците, ова е начин на неправедно плаќање и намалување на обемот на нивното социјално, здравствено и пензиско осигурување, како и вештачко намалување на кредитната способност.



## Примателите на минимална плата се најпогодени од феноменот ‘плата во плико’?

Платата во плико е најзастапена кај примателите на минимална плата. 62% од работниците осигурани на минимална плата добиваат и плата во плико. Притоа, во просек, платата во плико изнесува скоро исто колку и формалната плата на сметка (91%). Ова укажува дека постојат сектори и занимања на кои постои тенденција договорот за вработување да се склучи на минималната плата, со истовремен неформален договор, остатокот од платата да се добива во готовина.

За формални плати над минималната плата, процентот на приматели на плата во плико драстично се намалува (слика 1).

Слика 1 - „Плата во плико“ според висината на платата во договорот за вработување




*Извор: Анкета за квалитет на живот 2017 спроведена од Finance Think*



### Платата во плико е најзастапена кај мајсторите од различен вид

23.2% од мајсторите во метална, машинска, текстилна и прехранбена струка, како и 21.5% од работниците во услужните дејности, примаат плата во плико (слика 2). Таа плата е во просек една третина од нивната формална плата. Ваквиот наод е во линија со застапеноста на минималната плата кај овие занимања.
До сличен заклучок се доаѓа ако платата во плико се набљудува низ призма на секторите на дејствување (слика 3). Платата во плико е најзастапена кај работниците во градежништвото (мајсторите) со 28%. Притоа, платата во плико изнесува скоро половина од нивната формална плата. Потоа следуваат работници во услужните сектори.

### Сепак, платата во плико не е карактеристична за одредена возрасна или родова група

Сликите 4 и 5 покажуваат дека, наспроти очекувањата, платата во плико не е карактеристична за одредена возраст или пол. Сепак, незначајна поголема застапеност и висина на плата во плико се забележува кај жените.

**Слика 2 - „Плата во плико“ според занимањето**




**Слика 3 - „Плата во плико“ по сектор**




**Слика 4 - „Плата во плико“ според возраста**




**Слика 5 - „Плата во плико“ според полот**



## Работниците во Скопскиот регион имаат највисока плата во плико

Платата во плико е разновидна набљудувано по региони.
Работниците кои примаат плата во плико се најзастапени во Пелагонискиот регион (42%), но процентот е исто така висок и Југоисточниот и Скопскиот регион (по околу 30%).
Сепак, платата во плико како удел во формално-применатата плата е највисока во Скопскиот регион, 57%.

Слика 6 - „Плата во плико“ по регион




## Како до намалување и искоренување на проблемот?

Проблемот на плата во плико бара долгорочен напор насочен кон градење на т.н. општествен договор помеѓу државата, работодавците и работниците. Мерките за намалување и искоренување на платата во плико може грубо да се класифицираат во две групи: 1) казнивост и 2) мотивација и едукација. Втората група може да даде поголеми резултати.

### Мерки на казнивост

- Редовни теренски проверки од Инспекторатот за труд
- Големи казни за исплата на плата во плико
- Вонтеренски проверки со вкрстување административни податоци (УЈП) со анкетни податоци (ДЗС)
- Кампањи со нагласок на казните и ефективноста во откривањето

### Мерки на мотивација и едукација

- Воведување поголеми даночни ослободувања за најниско-платените работни места
- Едукација за поттикнување доброволно обелоденување
- Поттикнување постепен премин од плата во плико кон целосно формална плата
- Едуцирање за користите од формална плата (социјално осигурување, кредитна способност и сл.)
- Поедноставување на процедурите за формализација
- Зголемување на даночниот морал и даночното знаење (како се трошат народните пари)

FINANCE THINK
OUT OF THE BOX

**Finance Think е независен и непрофитен институт за економски истражувања и политики**

Ул. Фредерик Шопен 1/2
1000 Скопје,
Македонија
www.financethink.mk

+389 2 6156 168
info@financethink.mk